Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 09-982/218

11.03 2020 година

**ЗАПИСНИК**

**Од состанокот на Комисијата за заразни болести**

На ден *11.03.2020* година - среда (сала на Мој термин), се одржа состанок на Комисијата за заразни болести на кој присуствуваа следните членови:

- **Проф. Д-р Миле Босилковски – Претседател** -Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
- **Прим. Д-р Жарко Караџовски** - ЈЗУ "Институт за јавно здравје"
- **Д-р Милена Стевановиќ** - Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје
- **Д-р Лилјана Ристовска Деспотовска-ДСЗИ**
- **Проф. д-р Милена Петровска** – Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет – Скопје
- **Прим. Д-р Сузана Маневска** – Министерство за здравство
- **Д-р Владимир Микиќ** - ЈЗУ "Институт за јавно здравје"
- **Д-р Кристина Ставридис** – ЈЗУ "Институт за јавно здравје"
- **Д-р Арта Кули** – СЗО канцеларија во Скопје
- **Д-р Виктор Исјановски** – Здравствен дом – Скопје
- **Д-р Наташа Алулоска** –Клиниката за детски болести – Скопје

На состанокот дополнително присуствуваа:
Д-р Арменд Арслани – Заменик Министер во Министерство за здравство
Д-р Владимир Милошев –Државен Секретар во Минитерство за здравство
Д-р Ангелчо Андоновски – ЈЗУ „Институт за белодроби заболувања" Козле
Д-р Милица Бубало – ИМП Скопје

За работата на состанокот беше предложено и се дискутираше согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 март 2020 година, а согласно Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, особено со посебен акцент на точка 21, каде се задолжуваат Министерство за здравство и Комисија за заразни болести при Министерство за здравство, веднаш, во текот на денешниот ден да дадат мислење и да утврдат категории на лица кои треба да бидат ослободени од


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

работа и работни активности и за истото веднаш да ги информираат сите органи на државната управа, јавни претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, единици на локална самоуправа во Република Северна Македонија, јавни претпријатија и други правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и стопанските комори во Република Северна Македонија.

Дополнително се дискутираше и по однос на претходно донесени одлуки кои се прецизираа во однос на спроведувањето.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Комисијата ги утврдува следните категории на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности врз основа на приложена потврда од лекар специјалист за следниве состојби:
   - Хронични респираторни заболувања;
   - Тешки кардиоваскуларни заболувања;
   - Дијабет – ТИП 1;
   - Малигни заболувања;
   - Имуно-компромитирачки состојби.

   Ова задолжение ќе биде дистрибуирано до сите органи на државната управа, јавни претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, единици на локална самоуправа во Република Северна Македонија, јавни претпријатија и други правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и стопанските комори во Република Северна Македонија.

2. Комисијата препорачува да се смета за оправдано патување во странство само патувањето од здравствени причини (во високо или средно ризична земја) што би го оправдало отсуството од 14 дена заради самоизолација.

3. Комисијата препорачува на сите вработени во здравствениот сектор да им се забрани патување, во земјите од висок и среден ризик, од приватни причини.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

4. ИЈЗ да изготви текст – порака за медиуми во однос на почитување на препораките против COVID-19 која ќе биде доставена до Министерство за здравство за понатамошно процесуирање.

5. Телефонскиот број на АЛО ДОКТОРЕ од флаерот да се пренамени во call-центар кој ќе дава информации во врска со корона вирусната инфекција.

6. Комисијата препорачува, алгоритмот за постапување на пациенти сомнителни на COVID-19 да важи и за педијатриските пациенти

***Претседател на комисијата за заразни болести***
***Проф. Д-р Миле Босилковски***

*Записникот го изработи:*
*Д-р К. Ставридис*

***Доставено до :***
***Министер за здравство на РСМ***
***Сите членови на Комисија за заразни болести при МЗ***
***Архива на РСМ***


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk